Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 337/0306
21.10 20 21 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 18 октомври 2021 година, врз основа на примена жалба од Вилдан Дрпљанин, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Текстот на интернет – порталот „ДоказМ.мк“, насловен „Штипјани си го дадоа газот на Косоварите, ништо од патриотската тројка“, отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 10 октомври 2021 година, Вилдан Дрпљанин поднесе жалба за текстот со наслов „Штипјани си го дадоа газот на Косоварите, ништо од патриотската тројка“, објавен на 8 октомври 2021 година на интернет – порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazm.mk).

Во поднесена жалба се наведува дека текстот содржи пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Дополнително, жалителот посочува дека медиумот непрофесионално и несоодветно информирал за вест од економската сфера.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „ДоказМ.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и оцени дека во текстот се прекршени неколку членови од Кодексот на новинарите на Македонија.

*****При изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека интернет – порталот „ДоказМ.мк“ не е член на Советот за етика во медиумите и на регистарот на професионални онлајн медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 18 октомври 2021 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред оцени дека се работи за непрофесионален новинарски производ, кој се коси со основните професионални и етички стандарди. Порталот „ДоказМ.мк“ по принципот на непопуларното „copy - paste“ новинарство, целосно презел и пренел текст од друг интернет – портал.

Изворот не е до крај уредно назначен, а кај читателот се создава впечаток дека станува збор за авторска, а не за преземена содржина. Таквиот приод е неприфатлив во новинарската професија и е нефер однос кон авторот, кој несомнено потрошил и труд и време при изготвувањето на сторијата.

Онлајн медиумите треба да настојуваат секогаш да го наведат изворот на информацијата со конкретно и прецизно упатување на тој извор. Доколку информацијата е преземена или парафразирана од друг медиум, авторско дело или истражување, изворот мора да биде наведен, во спротивно, станува збор за плагијатор, а не за новинар.

Насловот на текстот е сензационалистички и воопшто не соодветствува со преземената содржина, која е коректна и професионална. Ова уште повеќе што во насловот е употребен и непримерен јазик. Етичкиот кодекс налага дека новинарот мора да ја негува културата на говорот и да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која ѝ се обраќа. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста.

Новинарите во онлајн медиумите во своите новинарски содржини ќе избегнуваат користење непристоен јазик (пцовки, погрдни зборови, омаловажувачки изрази). Таквиот јазик мора да биде уреднички оправдана од аспект на јавниот интерес и очекувањата на публиката, без разлика на новинарскиот жанр во кој се користи.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595